**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**
**Одделение за социјална, детска и здравствена заштита**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А

**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, за купување на еколошки превозни средства електрични тротинети**

Скопје, февруари 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) и Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 18/22), Советот на Град Скопје на _____ седница, одржана на __.__.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, за купување на еколошки превозни средства електрични тротинети

### Член 1

Со оваа одлука, Град Скопје го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, за купување на електрични тротинети.

### Член 2

Максималниот износ за поединечна субвенција за купување електричен тротинет по лице се утврдува во износ од 100% од вредноста на електричниот тротинет, но не повеќе од 15.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

Доделувањето на поединечната субвенција се врши врз основа на доказ дека е извршено купување на нов електричен тротинет како поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории на подрачјето на Градот Скопје за купување електрични тротинети, при што задолжително е електричниот тротинет да е целосно отплатен.

### Член 3

За субвенционирање на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, при купување електрични тротинети обезбедени се финансиски средства од Буџетот на Град Скопје.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, за купување на електрични тротинети.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___________

__.__. 2023 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Трајко Славески

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Правен основ за донесување на предложената одлука е членот 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје и Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита, во град Скопје за 2023 година (“Службен гласник на Град Скопје“ бр. 18/22).

Еден од главните приоритети на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на социјална, детска и здравствена заштита е остварувањето социјална грижа и заштита на граѓаните од социјално ранливи категории. Во таа насока, Градот Скопје реализира програми и активности кои значително им помагаат на граѓаните од социјално ранливи категории во подобрување на квалитетот на нивното живеење.

Градот Скопје со оваа одлука ќе ги стимулира граѓаните од социјално ранливи категории да користат електрични тротинети, што претставуваат еколошки и економско исплатливи превозни средства и се дел од алтернативниот урбан превоз.

Со донесувањето на предложената одлука Советот на Градот Скопје во рамките на своите законски надлежности ќе придонесе кон остварување социјална грижа на граѓаните од социјално ранливи категории, создавање услови за независен живот и поголема мобилност.

Со предложената одлука се определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје за купување на електрични тротинети, за што Градот Скопје ќе им надомести 100% од трошоците направени при купување на превозното средство, но не повеќе од 15.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука.